АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ – СКОПЈЕ

SHOQËRIA AKSIONARE E
MENAXHIMIT TË HAPËSIRAVE AFARISTE
NË PRONËSI SHTETËRORE - SHKUP

Ул. "Стале Попов" бр. 9, мезанин, локал 5 – Скопје
Телефон: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

Rr. "Stale Popov" nr. 9, kati ndërmjetëm, lokali 5 – Shkup
Numri i telefonit: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр.-Nr. 05-2623/14
26-11-2021 год.-vitë.
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 114 став 1 алинеја 2 и 4 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.24/2019 член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по оглас за доделување на Договор за јавна набавка бр.**19297/2021** Директорот на Друштвото донесе:

## О Д Л У К А

**за поништување на постапката за доделување на договор на јавна набавка бр.19297/2021 за Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи**

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за доделување на договор за јавна набавка со примена на Набавка од мала вредност со електронска аукција за Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи согласно член 114 став 1 алинеја 4 од ЗЈН (понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните цени на пазарот и согласно член 114 став 1 алинеја 2(Не е поднесена ниту една прифатлива понуда.)

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесување на одлуката да ги извести учесниците во постапката за Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка за причините за поништување на постапката и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

По извршената евалуација на двете пристигнати понуди од Друштво за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје и Друштво за ревизија и бизнис консалтинг А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје и врз основа на проверка на нивните финансиски понуди во поглед на цените од страна на Комисијата за јавни набавки е констатирано дека и двете пристигнати понуди не се во рамките на предвидените средства согласно одлуката за јавна набавка , односно и двете се повисоки од планираните средства во Одлуката за јавна набавка.
Комисијата за јавни набавки на ден 22.11.2021 г спроведе електронска аукција, а на која аукција немаше ниту едно негативно наддавање, а понудената најниска цена е понеповолна од реалната цена на пазарот, и не е во рамки на предвидените средства согласно Одлуката за јавна набавка. Планираната сума согласно одлуката за јавна набавка и Годишниот план за јн за 2021 година изнесува 150.000,00 денари а понудената најниска цена изнесува 300.000,00 денари.

Понудувачите понудиле цени кои се понеповолни од реалните цени на пазарот и не се

Ул. "Стале Попов" бр. 9, мезанин, локал 5 – Скопје
Телефон: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

Rr. "Stale Popov" nr. 9, kati i ndërmjetëm, lokali 5 – Shkup
Numri i telefonit: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

во рамките на предвидените средства во Одлуката за јавна набавка поради што следуваше Комисијата за јавни набавки да не ги прифати доставените понуди.

Врз основа на погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, согласно член 114 став 1 алинеја 2 и алинеја 4 од ЗЈН.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **пет** дена од денот на приемот на одлуката за поништување на постапката до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

**Генерален Директор**
**Sheval Ceku**

**Доставено до:**
Сектор за економско-финансиски работи и информатика
Комисија за јавни набавки – Кире Бузлиев
Архива

Изготвил: Јанко Михајловски
Контролирал: Анета Тодоровска